ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**

Трајно Македонско Радикално обединување ТМРО - Изборна кампања за Предвремени локални избори за избор на градоначалник на Општина Штип и Општина Пласница 2020

**Предмет на ревизија:**

Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

Платниот промет со асигнација не е реализиран преку трансакциската сметка на учесникот во изборната кампања и во Вкупниот финансиски извештај не се искажани приходите и расходите по основ на платено политичко рекламирање.

**Издадено мислење/заклучок*:** (жолто, зелено)

Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење без резерва.

**Клучни препораки:**

При вршење на платниот промет со асигнација, истиот да се реализира преку трансакциска сметка, како и приходите и расходите за платено политичко рекламирање да се искажат во финансискиот извештај за изборната кампања.

**Клучни системски слабости:**

Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- неплатени обврски од изборната сметка;
- претставување на социјалните мрежи.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* (зелено) **позитивно**, (жолто) **со резерва**, (црвено) **неповолно**, (црно) **воздржување**